









# Што е GS1?













## Важност на стандардите

Што се стандарди? Стандарди се договори, со кои се регулира било која активност или стопанска дејност. Тие можат да бидат правила или упатства кои сите ги применуваат. Тие можат да бидат начин на кој производите или услугите се мерат или опишуваат или класифицираат.

Најлесен начин да се разберат придобивките од користењето на стандардите е да се замисли **што се случува кога стандарди не постојат**. За илустрација го посочуваме примерот со големина на чевли. Женски чевли големина 7 во Њујорк одговараат на големина 38 во Шангај, големина 4,5 во Лондон, големина 37,5 во Париз, големина 23 во Токио, големина 5,5 во Сиднеј и големина 37 во Скопје.

Ова е проблематично и неповолно за меѓународните патници кои би сакале да купуваат.

Исто така е многу неповолно и проблематично за компаниите кои произведуваат чевли.

Бидејќи не постојат глобални стандарди за големината на обувките, компаниите мораат да означат ист пар на чевли различно за различните земји. Тие мораат да ја дефинираат вистинската референца за големината во нарачките, фактурите и испратниците. Бидејќи е потребно повеќе време за да се посвети внимание на специфичностите на секој регион посебно, тоа подразбира дополнителни трошоци за компаниите производители на чевли кои тие мораат да ги пренесат на потрошувачите, што резултира со повисоки цени на чевлите.

Ова е многу едноставен пример! Размислете само колку би биле комплексни бизнис процесите кога не би постоеле стандарди, особено за компаниите кои прават производи, составени од голем број на компоненти со потекло од различни земји. Размислете, исто така, како зголемувањето на трошоците за енергија, комбинирано со порастот на меѓународната трговија се генерират зголемени трошоци.

Поради овие причини големо внимание се посветува на изнаоѓање начини логистиката во меѓународниот синџир на снабдување да стане поефикасна. И затоа стандардите имаат важна улога подеднакво и за компаниите и за потрошувачите: **Стандардите се основа за јасна и разбирлива размена меѓу компаниите во растечката глобализирана економија во пораст. Стандардите овозможуваат намалување на трошоците за сите.**




## GS1 проектира и воведува глобален систем на стандарди за синџирите на снабдување

Во изминативе 30 години, ние во GS1 се посветивме на дизајнот и воведувањето на глобални стандарди кои се користат во синџирот на снабдување. GS1 стандардите обезбедуваат основа, која овозможува производите, услугите и информациите за нив да се разменуваат ефикасно и безбедно, со што фирмите остваруваат бенефити од бизнисот и се подобрува животот на луѓето, секој ден и насекаде. Нашите стандарди обезбедуваат ефикасна размена меѓу компаниите и служат како основни упатства со кои се олеснува интероперабилноста и се обезбедува организација на работата во многу области.

GS1 стандардите ги обединуваат компаниите кои ги претставуваат сите страни во синџирот на снабдување - производителите, дистрибутерите, трговците на мало, болниците, транспортерите, царинските организации, производителите на софтвери, локалните и меѓународните регулаторни тела и многу други. GS1 стандардите ги користат големите мултинационални синџири како и малите продавници, светски познатите брендови и самостојните занаетчии.

Овие компании, кои во принцип можат да имаат различни бизнис-интереси, работат заедно под наше раководство за договор на стандардите кои ќе го направат синџирот на снабдување побрз, поефикасен, поедноставен и поевтин.

**Без неутрална, непрофитна и глобална организациа како што е GS1, различните компани веројатно не би можеле да бидат во состојба да се договорат за стандардите**. Ние тоа го овозможуваме, а потрошувачите и компаниите имаат корист. GS1 има свои канцеларии во 108 земји и повеќе од 2.000 луѓе ни помагаат да ја оствариме нашата визија. Нашата работа е финансирана од членарината на нашите корисници.

Првобитно креирани од страна на производителите и трговците за да се подобри дистрибуцијата на храната и производите за широка потрошувачка до супермаркетите, GS1 стандардите денес се користат во милиони компании кои припаѓаат на различни сектори, вклучувајќи ги здравството, транспортот и логистиката, воздухопловството, одбраната, хемиската индустрија, високата технологија и се разбира, во малопродажните синџири на снабдување.



## Помош за поефикасно функционирање на бизнисот

Бар код. Мала, дискретна алатка која го смени светот.

Секој ден, се вчитуваат најмалку 6 милијарди бар кодови низ светот. Од Атланта до Скопје, од Оукленд до Цирих, скенерите вчитуваат бар кодови од најразлични видови на производи произведени од милиони компании од сите големини. Се пренесуваат до илјадниците различни компјутери, кои користат различни софтверски програми направени од страна на надлежните компании, за да се овозможи контрола врз испораките, складирањето, нарачките, продажбата.

**GS1 Баркодовите се без сомнение најпознат и општо препознатлив GS1 стандард**. Уште од нивното создавање пред повеќе од 30 години, GS1 ги изработува и раководи со бар код стандардите, со што им овозможува на компаниите и организациите низ светот автоматски да ги идентификуваат производите, палетите и локациите.

**GS1 бар кодовите им овозможуваат на компаниите поефикасно да управуваат со сопствените синџири на снабдување**.

Во денешната глобална економија, ефикасен синџир на снабдување е неопходност. Бидејќи се повеќе компании ги прифаќаат стратегиите на глобалното работење, управувањето со синџирот на снабдување станува се потешко, а во исто време се позначајно за успехот на компаниите.

Нецелосното или неточното пренесување на пораките долж синџирот на снабдување може да биде штетно за брендовите, ако нешто тргне наопаку. Подобрувањето на квалитетот на податоците може да доведе до брз пораст на профитот.

GS1 стандардите, како што се бар кодовите, им овозможуваат на компаниите да одговорат на предизвиците на глобализираниот синџир на снабдување, при што ќе ја зголемат нивната ефикасност и ќе го максимизираат профитот.




## Нови услуги за потрошувачите

GS1 стандардите се користат веќе 30 години за да им овозможат повеќе предности на купувачите во супермаркетите и продавниците низ целиот свет. Ние немаме намера да запреме наскоро.

Некои од новите услуги  кои се на повидок ќе произлезат од новиот бар код. Познатиот стар GS1 Бар код сега се појавува во нова верзија **GS1 DataBar**.

**GS1 DataBar е помал од својот претходник, но сепак може да содржи повеќе информации.** Може да се стави на многу мали единици, на пример, на секоја јаболка засебно. Може да содржи многу детали, како датум  "употребливо до". Може да се користи и при креирање на купони за попуст, бидејќи може да ги содржи сите информации потребни за купонот да биде прочитан на  каса.

Со бар кодовите од претходните генерации, не можеше да се направи сево ова.

**Наскоро, во супермаркетите ќе ви бидат достапни и нови услуги. Овие нови услуги се резултат на GS1 стандардите кодирани во новиот GS1 DataBar**.

На пример, благодарение на GS1 DataBar, ќе поминувате помалку време на наплатното место, бидејќи вработените во продавницата нема да мораат да го бараат кодот за кивито кое го купувате, или да губат време во читање на ставките и датумот на истекот на купоните, кои ги држите во рацете. Благодарение на GS1 DataBar, можете да бидете сигурни дека пилешкото во витрината е свежо и подготвено да се сервира на вашата трпеза.

Ова се само некои од начините кои покажуваат како GS1 стандардите можат да помогнат да се создадат нови услуги и подобри можности за купувачите.



## Подобра видливост долж синџирот на снабдување

**RFID, Радио-Фреквентна Идентификација,** е технологија која се користи за создавање на тагови кои денес се наоѓаат на многу места, од пасошите преку идентификационите беџови, па се до системите на контролните пунктови на мостовите или на автопатите, кои го отвораат преминот кон брзите ленти.

RFID таговите се состојат од силиконски чипови и антени и можат да содржат голем број на податоци читливи без директено поминување на скенерот врз тагот. Ова е многу стручен и сложен процес. Користењето на RFID значи правилно определување на сите елементи кои се вклучени: таговите и нивните многу мали компоненти, преносливите читачи, читачите поставени на врати, софтверите, прецизните фреквенции кои ќе ги емитуваат таговите... дури и видовите на хартија и лепило кои ќе се користат при создавање на етикетите со RFID тагови на себе.

Во светот, компаниите се подготвуваат да извлечат полза од револуционерните подобрувањата кои оваа технологија ги донесе на синџирот на снабдување и на купувачите. RFID може да помогне во водењето на испораките, залихите и имотот, намалување на медицинските грешки и фалсификувањето, борбата против кражбите, како и во бројни други цели. Бидејќи RFID е многу сложен и мулти-аспектуван, стандардите се од суштинско значење.

GS1 тука има важна улога. **GS1 EPCglobal® стандардите ја ставаат RFID технологијата во служба на стопанството и луѓето.**

Со GS1 стандардите кодирани во RFID таговите, магацинските работници и продавачите сега можат да знаат не само што е единица, туку и да знаат каде во моментот се наоѓа единицата и каде била порано. Ова значи поефикасни и помодерни процеси во многу различни сектори.

GS1 EPCglobal, посебен дел на GS1, е посветен на предводењето на развојот на RFID технологијата преку дефинирање и имплементација на стандардите кои овозможуваат RFID да биде оперативен независно од земјата, границите или секторот. GS1 EPCglobal, исто така гарантира дека неговите членови цврсто се придржуваат до строгите правила за приватност така што се почитуваат правата на потрошувачите.



## Подобрување на безбедноста и негата на пациентите

Здравствениот сектор претставува мошне сложено опкружување во кое луѓето, лековите, и медицинските апарати мораат постојано да се следат за да бидеме сигурни дека вистинскиот пациент го добил соодветниот лек во соодветната доза и во вистинското време.

Но лекарите и медицинските сестри се само луѓе, а за жал тоа значи дека грешки се случуваат секојдневно во болниците низ целиот свет.

Преморени поради долгото работно време, често пати приморани да работат нешто за што не се надлежни поради недостиг на персонал, понекогаш му даваат погрешна доза или погрешен лек на некој пациент, или соодветна доза и соодветен лек… но на погрешен пациент.

Секојдневно се случува луѓето да умираат поради медицинските грешки како што се овие. Повеќето од овие грешки би можеле лесно да се избегнат и здравствениот сектор се движи кон оваа цел.

GS1 помага во овие процеси.

**GS1 Healthcare ги здружува болниците, фармацевските компании, производителите на медицински средства, превозниците и други.** Овие компании, иако многу од нив се во конкурентски односи, работат заедно под наше водство за да развијат стандарди кои ќе ја зголемат безбедноста на пациентите и ќе ја подобрат негата на пациентите преку намалување на бројот на грешките во лечење и подобрување на следливоста на производите.



## Борба против фалсификувањето

Фалсификуваните чанти и часовници претставуваат проблем. Но, **фалсификуваните лекови претставуваат озбилен проблем**.

На стотици места ширум светот, импровизирани лабаратории користат шеќер или восок или нешто уште полошо за да произведат фалсификувани апчиња кои изгледаат исто како вистинските. Фалсификувањето стана толку софистицирано што дури ниту компаниите чии производи се фалсификувани не можат да ја откријат разликата меѓу вистинскиот и лажниот лек без вршење на дополнителни хемиски тестови.

И покрај големите напори на здравствениот сектор овие бесполезни или дури и опасни апчиња го наоѓаат својот пат до пазарот.

За среќа започнато е со работа врз воспоставување на системи за рано откривање на фалсификувани медицински производи, така што фалсификатите неможат да дојдат ни блиску до корисниците на кои им се потребни вистински производи.

**GS1 стандардите веќе имаат клучна улога во борбата против фалсификатите.** GS1 EPCglobal Electronic Pedigree Messaging Стандард за фармацевската индустрија е само еден од неколкуте проекти кои се во тек.

Се разбира, нашата работа на превенција на фалсификување на фармацевските производи не става во одлична позиција да им помогнеме и на другите индустрии чии производи често се фалсификуваат, како што се козметичката, електронската или индустријата за автомобилски делови.



## Безбедност на храната

Откаде доаѓа храната која ја јаде вашето семејство? Како стасала во вашиот супермаркет? По кој пат стасала таму? На етикетата можеби пишува дека е “органска”. Но, дали е тоа вистина? Дали содржи нешто на што е алергично вашето дете? Дали е одгледувана и набрана на еколошки одржлив начин?

Одговорите на овие прашања лежат во апликациите и системите на следливоста.

За да функционира системот на следливоста мора да се знае сé што се случило на секој чекор на патот од фармата до вашата трпеза. Меѓутоа поради зголемувањето на бројот на проширени и високо глобализирани синџири на снабдување и се пораширеното производство по договор, следењето на прехранбените производи од почетокот до крајот стана сé потешко.

**GS1 стандардите овозможуваат вакви системи да бидат можни на глобално ниво.** Без оглед колку компании се вклучени или колку граници се поминати додека храната и прехранбените продукти патуваат од едниот крај на синџирот на снабдување до купувачот.

Следливоста е особно важна ако нешто излезе погрешно, па прехранбените производи мораат да се повлечат. Неодамна донесените законски прописи во Европската Унија ги обврзуваат производителите да ги информираат властите и купувачите за било каков потенционален ризик од користењето на нивните производи. Многу земји во овој момент ги прилагодуваат своите закони. Индивидуалните одгледувачи, производители и преработувачи желни да ги заштитат своите брендови од штети поради расипани производи или лошо организирано повлекување, ги користат своите интерни правила и методи на повлекување.

**GS1 стандардите може да играат клучна улога при повлекувањето на производите.** Бидејќи се глобални, допирајќи од едниот крај на синџирот на снабдување до другиот, тие овозможуваат моментален пристап до прецизната информација за производите, што овозможува брзо и потполно повлекување од продажба.

Можеби уште поважно е тоа што нашите стандарди исто така ја олеснуваат гаранцијата на квалитетот и контролата на состојбата на залихите. А тоа принесува повлекувањето на производот да стане непотребно и ретко.




## Лесна и непречена глобална комуникација, со помалку документација

Работењето сега е глобално. Тоа значи дека вие, вашите снабдувачи, вашите логистички фирми, вашиот сметководствен сектор и сите останати кои се вклучени во вашите деловни договори мораат да бидат способни ефикасно да комуницираат со вашите клиенти од било која држава во светот.

Без оглед кои јазици ги зборувате ќе ви биде потребен начин бргу и едноставно да ги разменувате деловните информации низ целиот синџир на снабдување.

И зошто тоа да не го сторите без куп документација? Канцелариите денес и така се претрупани со хартии. Нарачки, испратници, попис на бродски товар, доставници, приемници, фактури, налози за плаќање, документи кои треба да се заверат, информации кои треба да се внесат во компјутерскиот систем, документи кои треба да се архивираат. А секое парче хартија е губење на многу време, напор, пари и $CO_2$.

За среќа, GS1 може да обезбеди подобар начин.

**GS1eCom стандардите даваат јасни упатства за креирање на електронски верзии на сите овие деловни документи.** Нашите стандарди им овозможуваат на деловните партнери лесно електронски да разменуваат информации, без оглед какви се нивните интерни хардвер и софтвер системи и без оглед кој јазик го зборуваат.

Со таквите стандарди, партнерите во синџирот на снабдување можат да работат заедно за побргу да одговорат на барањата на потрошувачите. Помалку грешки се случуваат поради погрешно внесување на податоци или лош ракопис. Не се троши веќе толку хартија и никој не мора да совладува десетици странски јазици за да постигне меѓународен успех.



## Нови можности за соработка

Секоја компанија во светот има база на податоци која содржи информации за производите кои ги произведува, продава или купува. Овие бази на податоци функционираат слично како каталози кои купувачите можат да ги користат нешто да нарачаат или да управуваат со својот синџир на снабдување. Тешкотии настануваат кога една компанија треба да промени некоја информација во својата база на податоци или во неа да додаде нова ставка. Одеднаш нивниот “каталог” не е веќе актуелен и информациите не се повеќе веродостојни.

Во последниве години ова станува уште поважно: грешките во фактурите и неефикасноста во глобализираниот синџир на снабдување ја намалуваат деловната профитабилност и ефикасност.

**GS1 GDSN® (Global Data Synhronisation Network - глобална мрежа за синхронизација на податоци)** им овозможува на фирмите кои работат заедно во своите системи да имаат секогаш исти информации. Било која измена направена од страна на една компанија, автоматски и веднаш е достапна на сите други компании со кои соработува.

Прецизни, детални и актуелни информации за производите им помагаат и на компаниите и на потрошувачите. Сопствениците на брендот можат побрзо и полесно да пласираат нови производи на пазарот. Трговците на мало имаат помалку административна работа и помалку грешки во нарачките и испратниците. А купувачите во супермаркетите ќе можат да купуват производи што ги сакаат наместо да гледаат празни полици.

GS1 Global Data Synchronisation Network им овозможува на партнерите во синџирот на снабдување континуирано усогласувајќи ги информациите да ја зголемат ефикасноста во своите синџири на снабдување и да им овозможат подобра услуга на купувачите




## Користење на GS1 системот

За да се успее во проектите како што се проектите опишани во оваа брошура, потребно е да се соберат стотици учесници од целиот свет. Поради тоа постои организација како што е GS1.

Визија на GS1 е свет во кој предметите и информациите за нив се движат ефикасно и безбедно како би донеле корист на компаниите, но и подобрување на животот на луѓето секојдневно и насекаде.

Наша мисија е да бидеме неутрален лидер кој ќе и овозможи на заедницата да развие и да воведе глобални стандарди, преку обезбедување на алатки, верба и доверба неопходни за да се оствари нашата визија.

GS1 нуди широк спектар на услуги и решенија, изработени врз основа GS1 системот на стандарди и на GS1 идентификационите клучеви.

Четири клучни области на нашите производи се:

GS1 BarCodes
GS1 eCom
GS1 EPCglobal
GS1 GDSN

GS1 исто така поседува широк спектар на решенија, кои го комбинираат изборот на GS1 стандардите во пакет кој дава вистински работно насочено внимание на темите како што е следливоста.

**Ако вашата компанија сака да има бар код број или да постави програма за следливост или да дознае нешто за RFID или да почне електронски да разменува фактури со партнерот или било кое од решенијата или сервисот овозможени за користење на GS1 стандардите, едноставно обратете се на GS1 организација во вашата земја !**

Присутни сме во 108 земји во светот. GS1 има своја организација во Македонија. Повеќе информации можете да добиете на нашиот сајт: **www.gs1mk.org.mk**

GS1 Македонија

Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

Ул. Маршал Тито 19 Скопје

Т: + 389 (0)2 32 54 250
Ф: + 389 (0)2 32 54 254

gs1mk@gs1.org.mk
www.gs1mk.org.mk